РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за заштита на
личните податоци
Бр. 01-2023/1
09.10.2013 год
СКОПЈЕ

# УПАТСТВО

## ЗА ПОСТАПКИ ПРИ ЗАГРОЗЕНОСТ НА БЕЗБЕДНОСТА НА КЛАСИФИЦИРАНИТЕ ИНФОРМАЦИИ ВО

## ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

СКОПЈЕ __________ 2013 ГОДИНА

**Република Македонија**
**Дирекција за заштита на личните податоци**

Бр. ____________
_______ 2013 год.
Скопје

Врз основа на Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија" бр.09/04, 113/07, и 145/10) Уредбата за физичка безбедност на класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија" бр.84/04) и членот 41-а став 1 алинеја 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр.07/05, 103/08, 124/10 и 135/11), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе,

# УПАТСТВО
## ЗА ПОСТАПКИ ПРИ ЗАГРОЗЕНОСТ НА БЕЗБЕДНОСТА НА КЛАСИФИЦИРАНИТЕ ИНФОРМАЦИИ ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Општи одредби**

**Член 1**

Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата) е должна да создаде услови неопходни за заштита на сите национални и странски класифицирани информации кои се чуваат во истата, или пак се изработуваат и да преземе дејствија за елиминирање на негативните последици ако дојде до откривање на класифицираните информации.

**Член 2**

Со сите класифицирани информации кои се евидентирани и чуваат во Дирекцијата се постапува според однапред одредени безбедносни критериуми и мерки за заштита соодветни на степенот на класификацијата на информациите.

**Член 3**

Влезот на Дирекцијата претставува административна зона од прв степен, а самата просторија во која се чуваат класифицираните информации на Дирекцијата претставува безбедносна зона.

**Загрозување на физичката безбедност**

**Член 4**

Под поимот загрозување на физичката безбедност на класифицираните информации се подразбира насилен упад и физичко присуство на неовластено лице или предмет во просторијата во која се чуваат класифицираните информации на Дирекцијата.

Во случај на посериозни нарушувања на безбедноста, напад или упад во просториите на Дирекцијата, се вклучува алармен систем.

Вработените во Дирекцијата при влез и излез од Дирекцијата се регистрираат со картичка. Листата со месечен извештај за реализирани влегувања и излегувања од Дирекцијата се доставува до директорот на Дирекцијата или до овластено лице од директорот.

Системот за електронско и физичко обезбедување ќе биде проверуван еднаш годишно. Проверката ќе ја врши овластеното лице одредено од директорот на Дирекцијата и за тоа ќе изготви службена белешка која ќе му биде доставена.

**Физичко обезбедување вон работното време на институцијата**

**Член 5**

Физичкото обезбедување на просториите на Дирекцијата по завршување на работното време се одвива на тој начин што алармниот сигнал е звучен и се слуша во зградата, но истовремено дава и дојава по телефон на директорот на Дирекцијата и овластеното лице од страна на директорот.

Во првиот момент се реагира од страна на Секјуриком Мултисервис Интернационал доо Скопје, а потоа директорот на Дирекцијата/овластеното лице врши дојава до соодветната институција во зависност од потребата.

По завршување на случката се изработува записник во кој се наведува степенот на загрозеноста и нивото на настанатата штета за можното истекување на информациите.

По комплетирањето на записникот се известува и директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

**Член 6**

Од редот на вработените во Дирекцијата директорот со овластување ќе задолжи еден службеник да ги чува клучевите и да ги отвора и затвора просториите на Дирекцијата.

Во случај на негово отсуство истите задолженија ќе ги врши друг овластен службеник.

**Посети на надворешни лица во Дирекцијата**

**Член 7**

Во објектот на Дирекцијата можат да влегуваат надворешни лица заради извршување на службени работи.

Службената посета на лицата кои имаат службена потреба да дојдат во Дирекцијата е регулирано со Упатство за начин на прием на странки и посетители во Дирекцијата бр.01-604/1 од 07.03.2013 година.

**Загрозеност на системот за крипто комуникација и информатичкиот систем во Дирекцијата**

**Член 8**

За изработка на класифицирани документи ќе се користи лаптоп, кој кога нема да се користи ќе биде заклучен во металниот орман и клучот ќе биде кај одговорното лице. По завршувањето на постапката на изработка на документот, тој треба да се испечати, а потоа електронската форма на документот која се наоѓа на хард дискот на лаптопот треба да се уништи (избрише) со електронски шредер. Лаптопот нема да биде приклучен во локалната мрежа на Дирекцијата и со тоа ќе биде оневозможен пристапот на интернет и локалната доменска инфраструктура.

Заштитата на просторијата во која е сместен лаптопот се врши согласно ова упатство.

**Непосредна воена опасност или загрозување од пошироки размери**

**Член 9**

Во случај на непосредна воена опасност или загрозување од пошироки размери целокупната документација со странски класифицирани информации која е кај вработените во Дирекцијата се пренесува во Централниот регистар на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, а потоа се постапува според планот за евакуација на Владата на Република Македонија и упатствата предвидени за такви ситуации.

Во текот на првите дваесет и четири часа по собирањето, одговорните лица во Дирекцијата ги прегледуваат документите и ги одделуваат за уништување сите непотребни копии и документи кои не се од исклучително значење. Во текот на следните шест часа за сите издвоени документи се изготвува записник за уништување и се уништуваат во присуство на 2 (две) лица.

Со националните класифицирани информации се постапува согласно планот за евакуација на Владата на Република Македонија.

**Непосредна загрозеност од елементарни непогоди и природни катастрофи**

**Член 10**

Во случај на непосредна загрозеност од елементарни непогоди и природни катастрофи, целокупната документација со странски класифицирани информации која е кај вработените во Дирекцијата се пренесува во Централниот регистар. Доколку централниот регистар е надвор од употреба или пак непосредно загрозен, сите документи се пренесуваат на место кое ќе биде одредено од директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации имајќи го во увид планот за евакуација на Владата на Република Македонија.

**Член 11**

Ова упатство стапува во сила со денот на донесувањето.

**Директор**
**Димитар Ѓорѓиевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * Дирекција за заштита на личните податоци